РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Agjencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 02-167/1
17.12 20 20 год./vit
Битола-Manastir

НАЦРТ

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

декември, 2020 година

СОДРЖИНА:

1. ПРОГРАМИ.....3

2. ПЛАН ЗА РАБОТА.....6

1. ПРОГРАМИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) во 2021 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели утврдени во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на ВРСМ во 2021 година (Службен весник на РСМ, бр. 243 од 09.10.2020 година) и стратешките приоритети и цели на АПРЗ. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на визијата на АПРЗ и на утврдените индикатори на успешност.

Во годишниот план за работа се креирани следниве програми:

Програма: СОВЕТИ

Цел на Програмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.

Во функција на Програмата Совети развиени се слените приоритети и цели:

ПРИОРИТЕТ БР. 1: **Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство, одржлив развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси.**

Во функција на овој приоритет се развиваат следните цели:

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики;
- унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството.

ПРИОРИТЕТ БР. 2: **Олеснување на пристапот до политиките за поддршка во земјоделството и руралниот развој.**

Во функција на овој приоритет се развиваат следните цели:

- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата;
- поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: Специфични СУ
- **Потпрограма 2**: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка
- **Потпрограма 3**: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини

Програма: СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ НА ФАРМА/ФАДН

Цел на Програмата: Спроведување активности согласно Законот за ФАДН.

Програмата е во функција на реализација на системот за прибирање на сметководствени податоци од ЗС (Сл.весник 110/07, 53/11) која е усогласена со активностите на МЗШВ за воспоставување квалитетен и одржлив систем од сметководствени податоци за фарма вклучувајќи ги и регулативите на европскиот ФАДН.

Во функција на Програмата Систем за мониторинг на фарма/ФАДН развиени се слените приоритети и цели:

ПРИОРИТЕТ БР. 3: С**проведување на законот за фадн.**

Во функција на овој приоритет се развиваат следните цели:

- прибирање на сметководствени податоци;
- внес на сметководствени податоци во базата.

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: Сметководствени податоци

Програма: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Цел на Програмата: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.

Во функција на Програмата **Институционално зајакнување** развиени се слените приоритети и цели:

ПРИОРИТЕТ БР. 4: **Зајакнување на институционалните капацитети.**

Во функција на овој приоритет се развиваат следните цели:

- зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа;
- зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето;
- институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати;
- одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси;
- следење и контрола на квалитетно спроведување на ИСО стандардите.

Реализацијата на програмата резултира со следните потпрограми:

- **Потпрограма 1**: Зајакнување на административниот капацитет
- **Потпрограма 2**: Надградба на ИКТ системот
- **Потпрограма 3**: Формално - правна консолидација и имплементација

2. ПЛАН ЗА РАБОТА

А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

ПРОГРАМА: СОВЕТИ
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата во 2021 година: **Стратешки приоритет:** - Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните. **Приоритетни цели:** – креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија; – обезбедување доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи и создавање производи со додадена вредност и пласман на странските пазари; – обезбедување на висок степен на здравствена заштита и благосостојба на животните; – воспоставување на интегриран и функционален систем за подобро знаење и поддршка на иновациите во земјоделството со фокус на истражувањето, трансферот на напредна технологија и дигитализација; – промовирање на вработувањето, социјалната вклученост и развојот на руралните средини со поттикнување на младите земјоделци и олеснување на земјоделските и неземјоделските бизниси; – подобрување на реализацијата на средствата од претпристапната помош на Европската Унија за рурален развој; – унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: – зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи; – заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики; – унапредување на родовата еднаквост преку обуки за економско јакнење и подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството; – обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР);

– обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата; – поддршка и помош на корисниците во изработка на деловни планови, технички предлог проекти, инвестициони и други програми.
Цел на програмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми.
Показатели за успешност: – обезбедени СУ на стручна тема по специјалност кај 1.740 ЗС, – обезбедени СУ за вкрстена сообразност кај 1.800 ЗС, – одржани 430 групни средби (трибини, работилници, инфо денови и сл.) , – обезбедени информации на 4.000 ЗС, – обезбедена техничко-административна поддршка на 1.800 ЗС.

ПОТПРОГРАМА 1: Специфични СУ		
Цел на потпрограмата: Организирање и обезбедување на советодавни услуги по специјалности за ЗС		
Показател за успешност: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за одржливо земјоделско производство, со оптимално искористување на природните ресурси, зачувување на животната средина и биодиверзитетот.	**Појдовна основа:** Воспоставување на соработка со 40 ЗС на ниво на советодавец	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – совети кај 1.180 ЗП (растително) – одржани 290 трибини (растително) – совети кај 560 ЗП (сточарско) – одржани 140 трибини (сточарско) – број на едуцирани ЗС согласно доставена листа од АФПЗРР – совети кај 1.800 ЗС за ДЗП и ЗЖС – спроведени 90 трибини за ДЗП и ЗЖС)

Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**					
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Совети по специјалност	- Совети (растително) - Совети (сточарство)	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	690.000 590.000	Сектор за земјоделство и

							рурален развој / Раководител на сектор
Вкрстена сообразност	- Усогласеност со ДЗП и ЗЖС	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	380.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА 2: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка							
Цел на потпрограмата: Учество во спроведување на Националната Програма за РР, ИПАРД Програмата и мерки од други јавни повици							
Показател за успешност: Навремена информираност, техничко-административна помош и поддршка на баратели на финансиска поддршка			**Појдовна основа:** Активности условени од објавување на јавни повици од страна на АФПЗРР		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – дадени информации на 1.800 ЗС – обезбедена техничко-административна поддршка на 1.800 ЗС – обезбедена поддршка на секој заинтересиран корисник		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Административна поддршка	- Поддршка за ПРР - Поддршка за ИПАРД - Поддршка за др. јавни повици	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	контин-уирано по објавен ЈП	220.000 210.000 100.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА3: Поголема застапеност на родовата рамноправност на жените во руралните средини
Цел на потпрограмата: Подигање на свеста кај руралната жена за нејзината улога во земјоделството

Показател за успешност: Едукативни теренски обуки на жените - фармери	**Појдовна основа:** Формирана група за родова еднаквост. Акциски план на групата за родова еднаквост.	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – организирани 20 информативни средби – организирани 5 обуки

Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Организирање на обуки и пренос на знаење за родова еднаквост	- Информативни средби - Едукација на групи жени	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	контин-уирано	200.000 250.000	Група за родова еднаквост / Координатор на група

ПРОГРАМА: ФАДН
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата во 2021 година: **Стратешки приоритет:** - Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните. **Приоритетни цели:** – креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, подготвено и прилагодено кон глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика со Европската Унија.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: **Спроведување на законот за ФАДН** – прибирање на сметководствени податоци; – внес на сметководствени податоци во базата.
Цел на програмата: Спроведување активности согласно Законот за ФАДН.
Показатели за успешност: – - прибрани и внесени податоци од 774 дефинирани субјекти

ПОТПРОГРАМА1: Сметководствени податоци							
Цел на потпрограмата: Спроведување активности согласно Законот за ФАДН за прибирање на податоци од репрезентативни фарми.							
Показател за успешност: Прибрани и внесени податоци од 774 дефинирани субјекти			**Појдовна основа:** Закон за ФАДН, Склучен Годишен договор со МЗШВ		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – реализирани 4 посети – прибрани податоци од 774 дефинирани ЗС – внесени податоци во софтвер		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Евиденција на сметководствени податоци	- Прибирање податоци од ЗС, - Внес на податоци во софтвер	I посета	II посета	III посета	IV посета	1.150.000	Сектор за земјоделство и рурален развој / Раководител на сектор

ПРОГРАМА: ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата во 2021 година: **Стартешки приоритет:** - Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните. **Приоритетни цели:** - ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите; - дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите, развивање механизми за воспоставување на модерни технологии 5G технологии и развој на NGA ифраструктура.
Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа: – зголемување на институционалните капацитети преку имплементација на препораките од Функционалната анализа;

– зајакнување на интерната и екстерната соработка и координација во функција на унапредување на квалитетот во работењето; – институционално зајакнување преку навремена подготовка и спроведување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, Годишниот план за вработување, Годишниот план за обуки, Годишниот план за ИКТ, Годишниот план за финансиско управување и контрола, Годишната стратегија за управување со ризици, Годишниот план за евиденција и реализација на режиските трошоци, Годишната програма за јавни набавки, Годишната програма за внатрешна ревизија, оценување и известување за постигнатите резултати; – одржување на постоечката ИКТ инфраструктура и нејзина надградба преку обезбедување на интегрирани софтверски решенија во функција на дигитализација на работните процеси; – следење и контрола на квалитетно спроведување на ИСО стандардите.
Цел на програмата: Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човечките ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување.
Показатели за успешност: Изработени и усвоени интерни акти (годишни стратегии, програми, планови, извештаи, постапки) како поддршка во реализација на програмата, склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на АПРЗ, овозможена надградба на советодавниот капацитет, усогласување и хармонизација на правните акти.

ПОТПРОГРАМА 1: Зајакнување на административниот капацитет							
Цел на потпрограмата: Оптимизација на работните процеси и развој на човечките ресурси							
Показател за успешност: Зајакнат административниот капацитет на АПРЗ согласно годишниот план за обуки и вработувања.			**Појдовна основа:** Годишен план за вработување за 2021		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – Усвоен на Годишен план за вработување (ГПВ) – Усвоен на Годишен план за обуки (ГПО)		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за вработување (ГПВ)	Изработка, усвојување и реализација	ревидирање на ГПВ	поднесување барање	реализација	изработка на ГПВ за		Одделение за човечки ресурси

		за 2021	до МФ		2021		
Годишен план за обуки (ГПО)	Изработка, усвојување и реализација	усвојување	реализација	реализација	изработка на ГПО за 2021		Одделение за човечки ресурси

ПОТПРОГРАМА 2: Надградба на ИКТ системот							
Цел на потпрограмата: Зголемена ефективност и ефикасност на работните процеси							
Показател за успешност: Развој и имплементација на ИКТ решенија за поддршка на работните процеси			**Појдовна основа:** Анализа на состојба на ИКТ опрема		**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – Усвоен Годишен план за ИКТ – Набавка на хардверска опрема – Апдејтирање на постоечки софтверски решенија – Набавка на софтвер		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за ИКТ	Изработка и усвојување	реализација	реализација	реализација	реализација		Сектор за правни и општи работи Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор

ПОТПРОГРАМА 3: Формално - правна консолидација и имплементација		
Цел на потпрограмата: Спроведување на законски и подзаконски акти		
Показател за успешност: Имплементација на препораките од Функционалната анализа во насока на институционално зајакнување	**Појдовна основа:** Законодавно правна рамка, Годишни извештаи	**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** – Усвоен Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола – Усвоена Годишна стратегија за управување со

					ризици – Изработени квартални и месечни финансиски извештаи – 12 пресметки и исплати на плати – Донесена порограма за јавни набавки и реализација – Пополнување на работното место раководител на Сектор за правни и општи работи – Пополнување на работно место во одделението за внатрешна ревизија - Полугодишни и годишни извештаи		
Мерки	**Активности**	**Временска рамка за спроведување**				**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
		Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**		
Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна стратегија за управување со ризици	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишен план за евиденција и реализација на режиски трошоци	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна пресметка и исплата на плати	Месечни пресметки и исплата на плати	реализација	реализација	реализација	реализација	58.826.000	Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна програма за јавни набавки	Подготовка, усвојување и	подготовка и	реализација	реализација	реализација	7.100.000	Сектор за правни и општи работи /

	реализација	усвојување					Лице за јавни набавки
Годишна програма за внатрешна ревизија	Подготовка, усвојување и реализација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Одделение за внатрешна ревизија
Мониторинг и евалуација	Теренски контроли	континуирано	континуирано	континуирано	континуирано	100.000	Сектор за ЗиРР / Раководител на сектор

Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата

Иницијатива	Временска рамка за подготвување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
Набавка на компјутерска опрема			објава на тендер	реализација	500.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски / Петар Михајловски
Реконструкција на 14 објекти		објава на тендер		реализација	2.500.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски / Раководител на РО
Набавка на софтвер	објава на тендер		реализација		500.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски / Петар Михајловски

В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Годишна програма за јавни набавки
Показател за успешност: Спроведени 20 јавни набавки

Активност	Временска рамка за извршување					
	Квартал 1	Квартал 2	Квартал 3	Квартал 4	Финансиски средства	Организациски облик/лице
Подготовка, усвојување и реализација	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	Согласно планот за ЈН	7.100.000	Одделение за општи и правни работи / Јован Ангелевски

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Годишен план за вработување (ГПВ)						
Показател за успешност: 5 нови вработувања						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Изработка, усвојување и реализација на ГПВ	ревидирање на ГПВ за 2021	поднесување на барање до МФ	реализација	изработка на ГПВ за 2021		Одделение за човечки ресурси / Љупчо Лозановски

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Спроведување на законски и подзаконски акти						
Показател за успешност:						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Годишен план за воспоставување финансиско управување и контрола	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на сектор
Годишна стратегија за управување со ризици	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Сектор за финансиски прашања / Раководител на

						сектор
Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Одделение за човечки ресурси
Измена и дополнување на Актот за внатрешна организација	подготовка и усвојување	реализација	реализација	реализација		Координатор на работна група
Измена и дополнување на Функционалната анализа	реализација					Координатор на работна група

ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Мониторинг и евалуација						
Показател за успешност:						
Активност	**Временска рамка за извршување**					
	Квартал 1	**Квартал 2**	**Квартал 3**	**Квартал 4**	**Финансиски средства**	**Организациски облик/лице**
Периодични теренски контроли	2 контроли	3 контроли	3 контроли	2 контроли	40.000	Сектор за З и РР / Велко Бачевски
Месечни редовни теренски контроли	3 контроли	3 контроли	3 контроли	3 контроли	60.000	Раководител на Одделение за регион

Бр. 02-167/1
17.12.2020 година
Б и т о л а

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

Директор/Drejtori,

Elgafar Jusufi, c.p.

Врз основа на член 24 од Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола, Управниот Одбор по предлог на Директорот на Агенцијата на седницата одржана на ден 17.12.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За донесување на Нацрт Годишен План за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

член 1

Се донесува Нацрт Годишен План за 2021 година на Агенцијата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. __- __/__
___.___.2020 година
Битола

Претседател на
Управен Одбор

Проф. Д-р. Митре Стојановски